**ЗАКОНОДАВНО-ПРАВНА КОМИСИЈА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**2275.**

По извршеното срамнување со изворниот текст е утврдено дека во текстот на Законот за хидрометеоролошка дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/2008) се направени грешки, поради што се даваат

**ИСПРАВКИ**
**НА ЗАКОНОТ ЗА ХИДРОМЕТЕОРОЛОШКА ДЕЈНОСТ**

1. Во членот 7 по точката 13) да се додаде нова точка 14) која треба да гласи:

„14) Воспоставување, изградба и функционирање на системот за заштита од град и дејствување на градоносни облаци.".

2. Во членот 8 точката 8) треба да гласи:

„8) Истражувања во областа на физиката и хемијата на облаците и модификацијата на времето и развој на методи за оперативно спроведување на заштита од град и други облици на вештачко влијание и модификација на времето."

3. Во член 9 во точка 11) по зборот „празнења" треба да се додадат зборовите: „и заштита од град".

4. Во членот 16 став (1) по зборовите: „повремени набљудувачи" треба да се стави запирка и да се додаде зборот „стрелци".

Во ставот 2 по зборот „опсерватории" сврзникот „и" да се брише и да се стави запирка, по зборовите: „радарски центри" запирката да се брише и да се додадат зборовите: „и противградобијни станици", а по зборовите: „повремени набљудувачи" да се додадат зборовите: „и стрелци".

Во ставот 3 по зборот „набљудувачи" треба да се додадат зборовите: „и стрелци".

Бр. 10-3791/1 — Од Законодавно-правната комисија
9 септември 2008 година — на Собранието на Република
Скопје — Македонија

---

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**2276.**

Врз основа на член 46 од Законот за задолжително осигурување во сообраќајот („Службен весник на Република Македонија" бр. 88/05, 70/06 и 81/08), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 9.09.2008 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА МИНИМАЛНАТА И МАКСИМАЛНАТА СТАПКА НА ТЕХНИЧКА ПРЕМИЈА ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ОД АВТОМОБИЛСКА ОДГОВОРНОСТ ЗА 2008 ГОДИНА**

Член 1

Со оваа одлука се утврдува минималната и максималната стапка на техничка премија за осигурување од автомобилска одговорност за 2008 година.

Минималната стапка на техничка премија изнесува 3.745 денари.

Максималната стапка на техничка премија изнесува 3.920 денари.

Член 2

Миминалната, односно максималната стапка на техничка премија се однесува на основниот премиски степен 10 (премија без бонус и малус) од Тарифата на премии за осигурување на сопствениците на моторни возила од одговорност за штети предизвикани на трети лица.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-4467/1 — Заменик на претседателот
9 септември 2008 година — на Владата на Република
Скопје — Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

---

**МИНИСТЕРСТВО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ**

**2277.**

**ОБЈАВА**

Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Кабинетот на министри на Украина за взаемна соработка во царинските работи, склучена во Киев на 21 септември 2007 година, ратификувана со Закон за ратификација на Спогодбата помеѓу Владата на Република Македонија и Кабинетот на министри на Украина за взаемна соработка во царинските работи („Службен весник на РМ" бр. 18/2008), влегува во сила на 03 август 2008 година.

3 септември 2008 година — Министер,
Скопје — м-р **Антонио Милошоски**, с.р.

---

**2278.**

**ОБЈАВА**

Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Советот на министри на Република Албанија за заемни патувања на граѓаните со Протоколот за малограничен сообраќај кон Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Советот на министри на Република Албанија за заемни патувања на граѓаните, потпишана во Тирана, на 19 февруари 2008 година, ратификувана со Закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Советот на министри на Република Албанија за заемни патувања на граѓаните со Протоколот за малограничен сообраќај кон Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Советот на министри на Република Албанија за заемни патувања на граѓаните („Службен весник на РМ" бр. 103/08), влегува во сила на 27 август 2008 година.

3 септември 2008 година — Министер,
Скопје — м-р **Антонио Милошоски**, с.р.

---

**2279.**

**ОБЈАВА**

Договорот меѓу Република Македонија и Државата Катар за одбегнување на двојното оданочување и за заштита од фискална евазија по однос на данокот од доход и данокот на капитал, потпишан во Доха, на 28 јануари 2008 година, ратификуван со Закон за ратификација на Договорот меѓу Република Македонија и Државата Катар за одбегнување на двојното оданочување и за заштита од фискална евазија по однос на данокот од доход и данокот на капитал („Службен весник на РМ" бр. 103/08), влегува во сила на 26 септември 2008 година.

3 септември 2008 година — Министер,
Скопје — м-р **Антонио Милошоски**, с.р.